РАБОТИЛНИЦА
"НЕЗАВИСНИ РЕГУЛАТОРНИ ТЕЛА - ПРИМЕНА НА ПРАВОТО И ПРАКСАТА НА ЕЗ"

ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА СОСТОЈБАТА
ВО СЕКТОРОТ АВТОРСКО ПРАВО И СРОДНИ ПРАВА

Презентер : Министерството за култура

Авторското право и сродните права, како дел од интелектуалната сопственост, покрај индустриската сопственост, е една од областите утврдени како приоритетни согласно Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Крајниот рок во кој, согласно оваа Спогодба, Република Македонија треба да се обезбеди ефикасна заштита на интелектуалната сопственост слична или сродна на заштитата во Европската Унија, што подразбира како нормативно усогласување така и усогласувањето на системот на остварувањето на заштитата е јуни 2006 година.

Националниот системот на авторското право и сродните права е детерминиран од правната рамка која вклучува меѓународни конвенции, договори на Светската организација за интелектуална сопственост, Спогодбата за трговските аспекти на интелектуалната сопственост, ТРИПС, Директиви и регулативи на Европската Унија како и домашни прописи, пред се Законот за авторското право и сродните права, потоа Закон за општа управна постапка, Кривичнмиот законик, Закон за прекршоците, Закон за културата, закони кои ги регулираат судските постапки, постапките кои ги спроведуват органите на прогонот, царинската постапка, облигационите односи и други прописи.

Авторското право е едно од основните, темелните права на човекот утврдени со Уставот на РМ. Согласно Законот за организација и работа на органите на државната уптрава авторското право и сродните права се во надлежност на Министерството за култура. Со Законот за авторското право и сродните права надлежноста на Министерството за култура е понатаму определена и тоа во делот за остварувањето на правата и во делот на заштитата на правата. Авторското право и сродните права можат да се остваруваат лично од странана на авторот или преку негов застапник или колективно од страна на здруженија на автори основани за таа цел. Министерството за култура, согласно член 143 од ЗАПСП енадлежно за издавање на дозвола за отпочнувањето за работа на здруженијата за колективно

остварување на авторското и сродните права ценеќи ги условите определени со Законот. (Овдека, сметам за потребно да истакнам дека покрај условите кои можат да се класифицираат како општи, здружението да има седиште во РМ, статутот да е во согласност со закон и да е отворено за сите автори, законот, како услов, предвидува и обезбедување на ефикасно и економично оставрување на правата на целата територија на РМ, наведувајќи некои параметри кои треба при тоа да се имаат во предвид, сметам дека условите и нивниот начин на исполнување треба да бидат детално разработени со посебен акт или можеби, имајќи ја предвид потребата од независни регулаторни тела, да се размислува во овој дел околу префлање на директната надлежност од Министерството на засебно, стручно, независно и компетентно тело). Наведената дозвола, Министерството ја издава по пат на јавен конкурс. Дозволата се издава за иств вид авторски дела, по правило, само на едно здружение. Против решението за издавање на дозвола дозволена е жалба по која во втор степен одлучува Владата на РМ. Министерството за култура и Владата ги имаат соодветните надлежности и при одземањето на дозвола и тоа само во случај здружението да не ги обавува обврските утврдени со статут или закон. Понатаму согласно ЗАПСП, Министерството за култура е надлежно за давање на согласност на актите на задужението (општите акти, тарифите за користење на авторски дела, правилникот за распределба на надоместоците).

Согласно одредбите на ЗАПСП заштитата на правата се обезбедува преку граѓанско-правната заштита која се остварува пред редовните судови ( тука би требало да се напомене дека во нашиот судски систем не посојат специјализирани судови за овој вид заштита ниту пак специјализирани одделенија при редовните судови, за што е една од причините и сеуште мал број на спорови). Заштитата се обезбедува и преку посебни карински мерки кои во посебна спостапка ги спроведуваат надлежните карински органи, Во надлежност на Министерството за култура е и надзорот над колективното остварување на авторското право и сродните права. Надзорот се врши согласно ЗАПСП и Законот за кулура. според одредбите за управен и инспекциски надзор (чл. 81 - 89 од ЗАПСП) .

Својата надлежност во областа на авторското право и сродните права, согласно постоечкиот акт за систематизација, Министерството ја остварува во рамките на Секторот за нормативни, управни и надзорни работи и тоа во Одделението за управни работи кое покрај раководителот на одделението има уште еден извршител, советник за управни работи и во Одделението за управно-надзорни работи кое брои пет извршители од кои за сега се пополнети само три работни места. На ова место треба да се истакне дека, со оглед на организационата

поставеност на Министерството, надлежноста која се однесува на авторското и сродните права не е соодветно заспена. Како податок во поткрепа на тоа е и фактот што, во рамките на наведените служби, спроведувањето на  надлежноста која е во врска со авторското право е само еден  сегмент од надлежностите пропишани со Законот за културата и другите закони од областа на културата. Спроведување на функционална анализа во рамки на Министерството за култура, во делот на остварувањето на надлежностите на заштитата на авторското и сродните права, сосем извесно, ќе  резултира со  утврдување на  повеќе од евидентната потреба од соодветно кадровско и материјално доопремување. Меѓутоа, сосем е можно резултатите од анализата да укажат и на потреба од поинаков начин на организационата поставеност и структура при спроведување на оваа надлежност.

Финансирањето на остварувањето на  надлежноста во секторот авторско право и сродни права целосно се извршува преку Буџетот на Република Македонија, во делот на буџетските средства на Министерството за култура.